Здружение на финансиски работници
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-142
11.04.2022 година
Велес

До
Сектор/одделение за Финансии /
Сметководство / Ревизија

**Предмет: Покана за работилници**

**Почитувани,**

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија, следејќи ги потребите и барањата за обука, потребата од зголемување на нивото на практични знаења, размена на информации и зголемување на вештините, со задоволство Ве поканува на **Online работилници** на тема:

**„Практикување на сметководствената евиденција во јавниот сектор“**

Анализите на Здружението на финансиски работници потврдуваат дека кај дел од деловните субјекти има нововработени службеници кои извршуваат активности во областа на сметководствената евиденција и за кои има потреба од обезбедување на практични обуки. Во насока на обезбедување високо професионална практична поддршка, Здружението на финансиските работници дизајнираше Online обуки, кои ги опфаќаат следните области:

1. **Законска регулатива,**
2. **Евидентирање на парични средства, готовина во благајна, издавање на аванси на вработени,**
3. **Постојани средства, набавка, расходување, отуѓување/продажба,**
4. **Сметководствена и материјална евиденција на залихи, начин на вреднување,**
5. **Евидентирање на побарувања и обврски, застареност, нивна исправка и даночен третман,**
6. **Амортизација и ревалоризација на постојани средства,**
7. **Признавање на приходи и расходи,**
8. **Усогласување на фактичка состојба (пописна состојба) со сметководствената состојба,**
9. **Улогата на внатрешната финансиска контрола,**
10. **Даночен систем (данок на личен доход и данок на добивка)**

**Методи за спроведување на обуките**

Во текот на обуките ќе се применуваат методи на интеракција, тренерско водење низ процесот, решавање студии на случај и други техники на учење и размена на знаења и вештини.

Методолошки обуките се дизајнирани на следниот начин:

- Во секој модул од обуката ќе бидат разработени по две до три од наведените области
- Секој модул има теоретски дел, практичен дел (практични вежби, прашања, дискусија)
- По секој модул учесниците добиваат работни задачи („домашна работа“) во форма на подготвен прашалник, практични сметководствени вежби и други подготвени вежби. При решавањето на дадените задачи, учесниците може електронски да контактираат со обучувачот. Решенијата на дадените задачи се доставуваат на емаил до обучувачот.
- Обучувачот ги разгледува сите добиени материјали и индивидуално им дава повратни информации на учесниците на обуката.
- Следната обука започнува со анонимно презентирање на некои од решенијата и дискусија во насока на размена на информации и добри практики. Потоа, на истиот начин модулот продолжува со новите области.
- При обуката ќе се користат и специфични примери и студии на случај од реални институции

**Реализација на обуките**
Обуките се структурирани во четири модули и ќе се спроведуваат на платформата ZOOM. Учесниците на обуките ќе имаат можност, во посебно дефиниран термин, да остваруваат индивидуални консултации со ангажираниот обучувач. Исто така, учесниците на обуките во емаил комуникација со обучувачот имаат можност да разменуваат работни материјали и да добиваат насоки за постапување за конкретните теми и студии на случај опфатени со обуката.

Термините на одржување на обуките ќе бидат прецизно дефинирани по формирањето на групата за обука.

**Обучувач**
Практичната обука ќе ја реализира **дипл. екон.Бранислав Гулев,** искусен и професионален обучувач, со огромно работно искуство во областа на сметководството, подготовката и анализата на сметководствените извештаи, ревизијата, Меѓународните сметководствени стандарди (МСС), даноците и даночниот систем.

**Работни материјали**
Сите учесници на обуката ќе добијат материјали во електронска форма.

**Учесниците на обуките добиваат сертификат за учество.**

Учесниците на работилниците кои имаат статус на сметководител, односно овластен сметководител согласно со одредбите на Законот за вршење сметководствени работи ќе имаат **право на доделување на часови за посета на настава за КПУ согласно со темите и нивното времетраење, опфатени со Програмата за обука - Агендата.**

Котизацијата е задолжителна за сите пријавени за учество на работилниците и изнесува само **12.000,00 денари (со ДДВ)** по учесник, а можете да ја уплатите на:
**Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

Во функција на добро организирање на работилниците, Ве молиме навремено да го пријавите Вашето присуство во **Здружението на финансиските работници**. Вашите пополнети пријави за учество на работилниците ги очекуваме на емаил: kontakt_zfr@yahoo.com и zfrlsjpv@t.mk Формуларот: Пријава за учество на работилниците и Агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, моб. 070/265-401 или преку наведените емаил адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски